## ПОВИК ДО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Во 2009 година Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ) – Северна Македонија започна програма за поддршка на законодавни иницијативи од граѓански организации во Република Северна Македонија.

По повеќегодишно успешно спроведување, Институтот со средства од Шведската агенција за меѓународна развојна поддршка (Сида) ја продолжува програмата со вклучување на нова генерација граѓански организации. Охрабруваме апликации од областите кои се поврзани со **елиминација на родово базирано насилство и спроведување на Истанбулската конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, како и апликации кое го адресираат насилството врз жените во политиката**.

Една од главните цели на овој проект е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации во областите на законодавно застапување и лобирање, мониторинг на јавни политики, како и помагање во изградбата на коалиции помеѓу невладиниот сектор и пратениците.

Оваа програма има цел да:

- ги поддржи организациите во подобрувањето на нивните законодавни вештини и знаења заради зголемен граѓански придонес во законодавниот процес и посуштински надзор врз спроведувањето јавни политики;
- ја унапреди тематската соработка помеѓу граѓанските организации, Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, особено Министерството за труд и социјална политика, како ресорно министерство; и
- им помогне на граѓанските организации во градењето коалиции и во ефикасна комуникација со јавноста за нивните иницијативи, цели и напори.

Програмата ќе започне со реализација од октомври 2021 год. и ќе биде со траење од 24 месеци. НДИ ќе обезбеди стручна, материјална и техничка поддршка за избраните организации, преку директно финансирање на програмски активности.

Граѓанските организации заинтересирани за учество во оваа програма треба да испратат **(1) мотивациско писмо** (писмо на намери) **најдоцна до 15 септември 2021 год (среда)**, во кое ќе ја опишат својата организација и нејзините активности, но и ќе дадат кусо објаснување за нацрт-предлогот за законодавна иницијатива што сакаат да ја спроведат. Покрај ова, апликацијата треба да содржи и **(2) кратко портфолио** за нивната работа (листа на претходно реализирани проекти) со објаснување за поврзаноста помеѓу досегашните активности и предложената иницијатива.

**Апликациите треба да се испратат по електронски пат на:** ndimacedonia@ndi.org – апликации по пошта нема да бидат земени предвид.

За дополнителни информации обратете се во НДИ на akrsteska@ndi.org или на acvetkovska@ndi.org. Организациите кои ќе бидат селектирани во првиот круг ќе бидат повикани на интервју во првата половина на октомври 2021 год.

WoMen Lead
National Democratic Institute

**THIRJE DERI TE ORGANIZATAT QYTETARE**

Në vitin 2009 Instituti nacional demokratik për marrëdhënie ndërkombëtare (NDI) – Maqedoni e Veriut ka filluar me programin për mbështetjen e iniciativave legjislative nga organizatat qytetare në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Pas realizimit të suksesshëm shumëvjeçar, Instituti me mjete nga Agjencia suedeze për mbështetje ndërkombëtare zhvillimore (Sida) e vazhdon programin me përfshirjen e gjeneratës të re të organizatave qytetare. Inkurajojmë aplikimet nga fushat të cilat lidhen me **eliminimin e dhunës të bazuar në gjini dhe zbatimin e Konventës të Stambollit për parandalimin dhe luftimin kundër dhunës ndaj grave dhe dhunës në familje; si dhe aplikimet të cilat adresojnë dhunën ndaj grave në politikë.**

Një nga qëllimet kryesore të këtij projekti është përforcimi i kapaciteteve të organizatave qytetare në fushat e përfaqësimit dhe lobimit legjislativ, monitorimit të politikave publike, si dhe ndihmës në ndërtimin e koalicioneve ndërmjet sektorit joqeveritar dhe deputetëve.

Ky program ka për qëllim që:

- Të mbështesë organizatat në përmirësimin e shkathtësive dhe njohurive legjislative për shkak të kontributit të rritur qytetar në procesin legjislativ dhe mbikëqyrje më thelbësore ndaj zbatimit të politikave publike;
- Të avancojë bashkëpunimin tematik ndërmjet organizatave qytetare. Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, veçanërisht Ministrisë për punë dhe politikë sociale, si ministri resore; dhe
- T'u ndihmojë organizatave qytetare në ndërtimin e koalicioneve dhe në komunikim efikas me publikun për iniciativat, qëllimet, dhe përpjekjet e tyre.

Programi do të fillojë të realizohet nga tetori i vitit 2021 dhe do të jetë me kohëzgjatje prej 24 muajsh. NDI do të sigurojë mbështetje profesionale, materiale dhe teknike për organizatat e zgjedhura, përmes financimit të drejtëpërdrejtë të aktiviteteve programore.

Organizatat qytetare të cilat janë të interesaura për pjesëmarrje në këtë program duhet të dërgojnë **(1)letër motivimi** (letër të qëllimeve) **më së voni deri në 15 shtator të vitit 2021 (e mërkurë),** në të cilën do të përshkruajnë organizatën e tyre dhe aktivitetet e saj, por do të japin edhe një shpjegim të shkurtër për projekt-propozimin për iniciativën legjislative që dëshirojnë të realizojnë. Krahas kësaj, aplikimi duhet të përmbajë edhe **(2)portfolio të shkurtër** për punën e tyre (lista e projekteve të realizuara më parë) duke shpjeguar ndërlidhjen e aktiviteteve të deritashme dhe iniciativën e propozuar.

**Aplikimet duhet të dërgohen në formë elektronike në:** ndimacedonia@ndi.org – aplikimet e dërguara përmes postës nuk do të merren parasysh.

Për informata shtesë drejtoheni në NDI në akrsteska@ndi.org apo në acvetkovska@ndi.org. Organizatat të cilat do të zgjidhen në raundin e parë do të ftohen në intervistë në gjysmën e parë të muajit tetor të vitit 2021.

Sweden Sverige

NDI NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE